Република Македонија
**Министерство за надворешни работи**
- Директорат за организациони работи-

Бр. 05-1621/1
Скопје, 28.02.2013год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 06.03.2013
Орг. единица | Број | Прилог
10-265/5

Република Македонија
Министерство за надворешни работи
ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје

**Предмет:** Одговор по Нацрт извештај 03 2012 08 03 од јануари 2013 година
**Врска:** Ваш допис бр.10-265/4 од 29.01.2013 година

Почитувани,

Во продолжение од овој допис, даваме одговор на констатираните наоди и препораки со предметниот Нацрт извештај.

- **Наод и препорака од точка 4.2.1.:**

Во врска со овој наод и препорака, укажуваме дека (во 2010 година) при изготвување на Предлог буџетот за 2011 година, беа утврдени нови основици за пресметка на плата за вработените во дипломатско- конзуларните претставништва на Република Македонија во странство (во понатамошниот текст: ДКП-а).

Меѓутоа, пресметките покажаа дека со примена на новите основици за плата на вработените во ДКП, значително ќе се зголеми масата на средства за исплата на: нето плати, персонален данок и додатоци на плата (20% за придружба на брачен другар, 3% за сметкополагач, 2% за криптозаштита и 5% за вршител на работа).

Покрај тоа, потребните средства за плата на вработените во ДКП планирани со Предлог Буџетот за 2011 година, беа значително намалени (за 11.609.000,00 денари) со одобрениот буџет за истата година.

Како резултат на тоа, не беше можно да се применат новите основици за плата на вработените во ДКП.

Од претходно наведените причини, платите во 2011 година се исплатуваа по старите основици од 2010 година, а ново решение за утврдување на основиците за плати во ДКП за 2011 година не беше донесено, затоа што сеуште беше на сила решението од претходната година.

[redacted]

За 2013 година МНР донесе ново решение за основиците за плати во ДКП.

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

- **<u>Наод и препорака од точка 4.2.2.:</u>**

МНР донесе акт со критериуми за начинот на ангажирање на членовите на советодавните тела на министерот и вреднување на извршената работа.

Исплатата на месечниот надоместок на членовите ангажирани во советодавните тела на министерот се врши во целост по доставување на писмени извештаи за извршената работа.

**Во прилог** доставуваме извештаи за извршената работа од страна на членовите ангажирани во советодавните тела на министерот.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.2.3.:</u>**

МНР ќе преземе дополнителни активности за **<u>целосно осигурување</u>** <u>на градежните објекти и опремата</u>, кога потребните средства за оваа намена ќе бидат одобрени од страна на Министерството за финансии.

Како резултат на последиците од светската финансиско-економска криза и европската должничка криза и намалениот буџет на МНР од една страна, како и огромните средства потребни за оваа намена од друга страна, МНР не успеа истите да ги обезбеди во целост.

До моментот на обезбедување на потребните средства, МНР не може да понесе одговорност за за целосно осигурување на недвижниот и движниот имот.

Од претходно наведените причини, осигурувањето на недвижниот и движниот имот (особено на ДКП-та), се врши во согласност со облигациите во земјите на престој и приоритетот за осигурување на: дел од објектите во сопственост на Република Македонија, дел од објектите под закуп и опремата, и тоа:

а) Објекти во: Берн, Берлин, Копенхаген, Стразбур, Женева, Брисел, Чикаго, ГК-Њујорк, Торонто, Детроит и Мелбурн, и
б) Службени моторни возила во МНР и ДКП.

**Напомена:**

Во текот на претходните години, МНР ја разгледуваше можноста за осигурување на сите недвижни и движни ствари.

Во таа смисла, во 2008 година беше покрената иницијатива за формирање работна група која ќе донесе интерен акт за утврдување приоритет за:

[redacted]

- **Задолжителното осигурување** на: недвижни и движни ствари, сопствени и под закуп, во земјата и странство- ДКП, како и
- **Видот на осигурување,** кое може да има широка лепеза на осигурување од:кражби, пожар, поплава, елементарни непогоди, каско осигурување возила и слично, од кои би зависел и вкупниот трошок за оваа намена.

Меѓутоа, пресметките покажаа дека буџетот на МНР кој во последните неколку години во континуитет беше намалуван, не овозможува осигурување на сите недвижни и движни ствари.

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

- **Наод и препорака од точка 4.3.1.:**

МНР ја прифати дадената препорака.

По добивање на Нацрт извештајот од ДЗР, доставивме барање до претставникот на апликативниот софтвер со цел да изврши заштита на податоците во електронската база, која ќе оневозможи нивно менување по завршување на деловната година.

- **Наод и препорака од точка 4.3.2.:**

МНР има целосно разбирање за одредбите од член 7 од Законот за Буџетите, согласно кој неискористените средства од буџетот, престануваат да важат на 31. декември во тековната година.

Сепак, за примена на горенаведената законска одредба, треба да се имаат предвид специфичностите во работењето на ДКП-та, од кои како најзначајни ги наведуваме следните:

1. За разлика од сметките на државните органи во Република Македонија кои се вклучени во трезорскиот систем на плаќање (со кој неискористените средства на крајот од годината по автоматизам престануваат да важат), сметките на ДКП-та во странство се наоѓаат во деловните банки (кои не се вклучени во трезорскиот систем на плаќање) и преку нив овие средства ги враќаат во Буџетот на Република Македонија.

Од тие причини, одредени ДКП-а иако доставиле налози во деловните банки за враќање на не потрошените средства, истите не се реализирани до крајот на годината од следните причини:

а) Не работење на деловните банки за време на божиќните празници, а како резултат на тоа, не извршување на налозите за трансфер на непотрошените средства во Буџетот на РМ,
б) Обврска да има салдо за одржување на сметките за плаќање провизија, затоа што во поедини држави деловните банки не дозволуваат да има салдо 0 на крајот од годината,
в) Поедини ДКП-а имаат мали салда на непотрошени средства, за кои треба да се плати поголем износ на банкарска провизија, отколку износот на салдото кое треба да биде вратено во Буџетот на РМ,

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

г) Одредени ДКП-а чии налози за трансвер на не потрошените средства се реализирале преку деловните банки пред 31.12., вратените средства пристигнуваат во Буџетот на РМ после неколку дена од денот на нивниот трансвер, односно на почетокот од наредната година.

Како резултат на ваквата состојба, трансверираните средства сметководствено се искажуваат на преодна сметка (100905), која се гасне на почетокот од наредната година, откако уплатата ќе се изврши во Буџетот на РМ.

2. Од претходно наведените причини, во законски предвидениот рок до 31.12.2011 година, во Буџетот на РМ не се уплатени средства во висина од 7.614.000,00 денари, од кои:
- 655.300,00 денари, од причини наведени под точка а),
- 78.800,00 денари, од причини наведени под точка б),
- 1.336.000,00 денари, од причини наведени под точка в)
- 3.886.000,00 денари, кои претставуваат салдо на парични средства кое се пренесува повеќе години наназад на наменската **Eskrow** сметка, наменета за целосно реновирање на Амбасадата во Вашингтон.

Поради одредени околности и недоразбирања со изведувачот на работите, средствата на оваа сметка се блокирани од негова страна и истите не може да се вратат во Буџетот на РМ до разрешување на спорните моменти.

Во тек се активности за разрешување на настанатите околности и недоразбирања со изведувачот на работите, со цел деблокирање на средствата од оваа наменска сметка.

3. Што се однесува до наодот за начинот на кој се евидентираат конзуларните такси, укажуваме дека истите се наплатуваат во ДКП преку конзуларни благајни (готовински) и конзуларни сметки (безготовински).

За наплатените конзуларните такси и износот кој го уплатиле во Буџетот на РМ, ДКП-та изготвуваат месечни финансиски извештаи.

Месечните финансиски извештаи ги доставуваат во МНР и истите се предмет на сметководствена евиденција, согласно која наплатените конзуларни такси привремено се евидентираат како приход на МНР, а по нивната уплата во Буџетот на РМ се врши нивно сторнирање како приход на МНР.

На овој начин не само што не постои друга постпка за нивно сметководствено евидентирање, туку се задржува и контролниот механизам за износот на наплатените и уплатените конзуларни средства, ос страна на секое ДКП во Буџетот на РМ.

Во спротивно, Буџетот на РМ не би располагал со овие податоци, затоа што средствата по овој основ не се вклучени во трезорскиот систем и истите се уплаќаат од деловните банки на ДКП-та во странство, во Буџетот на РМ.

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

- **<u>Наод и препорака од точка 4.3.3.:</u>**

МНР постапи по предметната препорака и презеде мерки за целосно спроведување на пописот со донесување на одлука од страна на одговорното лице за предложените решенија и состојбите утврдени со пописот.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.3.4.:</u>**

МНР ќе постапи по предметната препорака и ќе воспостави внатрешна евиденција на недвижни ствари (објектот кој го користи МНР во земјата и деловните објекти (амбасади и резиденции) во странство, во согласност со член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Исто така, ќе достави податоци до Министерството за финансии за вкупната сметководствена вредност за движните ствари кои ги користи до 31.декември во тековната година, во согласност со член 90 од истиот закон.

Што се однесува до „стариот" објект кој МНР го користеше во претходните години, министерството во неколку наврати бараше од надлежните институции, меѓутоа не успеа добие документ за негово користење и од тие причини не успеа да го регулира овој сегмент согласно горенаведената законска обврска.

Оваа обврска ќе ја регулираме за „новиот" објект.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.3.5.:</u>**

МНР постапи по дадената препорака и изврши одделно сметководствено евидентирање на земјиштето од градежниот објект во Берлин, со што ќе се овозможи реална пресметка на амортизација и ревалоризација само на објектот.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.3.6.:</u>**

МНР воспостави ефикасен процес за навремено преземање мерки за наплата на <u>побарувањата од вработените</u> по било кој основ, со цел да се избегне можноста за нивно застарување од било кои причини.

Што се однесува до ненаплатените побарувања од вработените настанати во периодот од 2002 до 2005 година, невозможно е од оваа временска дистанца да се утврдат причините поради кои навремено не биле наплатени, иако од 2008 година наваму истите биле предмет на увид, анализа и се преземале мерки за нивна наплата.

[redacted]

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

- **Наод и препорака од точка 4.3.7.:**

Овој наод и препорака е сличен на претходниот, со тоа што акцент се става на побарувањата по основ на дадени депозити за изнајмување стан од страна на вработените во ДКП.

Во врска со тоа, значајно е да укажеме дека е отстранет ризикот од наплата на побарувањата по основ на дадени депозити за стан и агенциски провизии на вработените во ДКП-та, затоа што согласно член 24 од новиот Правилник за плата, додатоци на плата и надоместоци од плата на вработените во претставништвата на Република Македонија во странство (од 01.08.2012 година), овие трошоци повеќе не се на товар на МНР, туку на терет на вработениот кој го користи станот.

Покрај тоа, МНР ја зголеми ефикасноста и контролата за навремена наплата на побарувањата за дадени депозити за изнајмување на работни простории за ДКП-та и станови за шефовите на ДКП, кои и понатаму ќе ги сервисира министерството.

Во поглед на „старите" не вратени депозити за изнајмување на стан, депозитите за работните простории на ДКП-та и резиденции за шефовите на ДКП-та, МНР ги презеде сите правни дејствија за нивно разрешување, наплата или отпис.

- **Наод и препорака од точка 4.3.8.:**

Препораката за евидентирање на преземените обврски од страна на сите 54 ДКП-а, е општа и практично не применлива.

Поради тоа, укажуваме на следните специфичности кои треба да се имаат предвид во овој дел од нивното работење:

- ДКП-та не може да се поистоветат со буџетските корисници кои се наоѓаат во Република Македонија,
- ДКП-та не се поврзани во трезорскиот систем на плаќање, немаат сопствена сметководствена програма, ниту пак стручни лица кои секојдневно би ги евидентирале преземените обврски,
- Во МНР е невозможно да се врши сметководствена евиденција на преземените обврски од страна на сите ДКП-а, затоа што во тој случај би требало секојдневно да ги доставуваат оригиналните фактури и сметки, после тоа истите да им бидат вратени со цел да извршат нивно плаќање и да ги приложат кон месечните финансиски извештаи, кои по истекот на месецот ги доставуваат на сметководствена обработка во МНР.

Истото би предизвикало огромни финансиски трошоци за транспорт на документите, висок ризик од нивно ненавремено добивање, враќање и губење на истите.

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Доколку се замисли истото да функционира со фотокопии или електронски, се зголемува ризикот за кратко време да се појават големи неусогласености помеѓу преземените обврски сметководствено евидентирани во МНР и нивната реална состојба во ДКП-та.

- Многу е значајно да се има предвид дека согласно Правилникот за финансиско- материјално работење на ДКП-та, по истекот на месецот имаат обврска да доставуваат во МНР месечни финансиски извештаи за добиените и потрошените средства во претходниот месец, во прилог на кои ги доставуваат оригиналните фактури и сметки за платените обврски,
- По добивање на финансиските извештаи во МНР, се губи смислата за евидентирање на преземените обврски, затоа што истите се веќе платени и истовремено би требало сметководствено да се евидентираат како преземени и платени обврски.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.3.9:</u>**

Надлежната служба во МНР во повеќе наврати ја разгледуваше можноста и потребата за набавка на програма за материјална евиденција на материјали, затоа што истата не била предвидена со основниот договор на програмот за материјално финансиско работење. Меѓутоа, во услови на ограничен буџет, се одложуваше дополнителното купување на таа програма.

Во меѓувреме, надлежната служба во МНР воспостави материјална евиденција за движењето на набавените, потрошени канцелариски материјали и реално искажување на нивните залихи во билансните позиции.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.3.10:</u>**

МНР не се согласува во целост со дадениот наод и препорака, затоа што:

- Конзуларните такси се утврдени со Законот за административни такси и надлежната служба во МНР нема надлежност да врши допрецизирање со пакети на тарифи за наплата поинаку од она што е утврдено со Законот,
- Законот не предвидува утврдување на посебни ценовници од страна на надлежните институции ,
- Ценовникот на конзуларни такси изработен од страна на надлежната служба во МНР за потребите на дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија, има за цел да им ја олесни нивната работа во примената на Законот, при што во ценовникот, децидно е наведено дека за сите неспомнати варијанти во истиот, ДКП-та се должни во целост да ги применуваат одредбите на Законот за административни такси,

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Имајќи ги предвид активностите на Владата на Република Македонија за воведување на едношалтерски систем и размена на информации по службена должност, надлежната служба во МНР во реализација на оваа активност ќе се обиде да опфати што е можно поголем број на варијанти и подваријанти на видови на конзуларни услуги, односно ќе допрецизира кои одредби од Законот за административни такси ДКП-та треба да ги имаат во предвид при наплата на конзуларни такси.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.3.11:</u>**

- МНР делумно се согласува со овој наод и препорака, затоа што во 2006 година до сите ДКП-а беа доставени унифицирани обрасци за евидентирање на остварените конзуларни приходи.

  Нивното користење од страна на голем број вработени во ДКП-та, во услови на зголемена флуктуација и недоволно разбирање за нивното користење, довело до нивно модифицирање.

  Сепак, напоменуваме дека истите ги содржат сите потребни елементи за точно сметководствено евидентирање на приходите од конзуларни такси, како и износот на конзуларни такси кој ДКП-та го уплатиле во Буџетот на РМ.

  Во тек е постапка за донесување нов Правилник за финансиско- материјално работење на ДКП-та, во кои ќе бидат содржани нови унифицирани образци за евидентирање на конзуларните приходи, чија форма вработените во ДКП-та нема да можат да ја менуваат.

- При наплата на конзуларните такси во готово, во одреден број држави се издаваат стандардизирани обрасци- Каса прими со реден број, а во помал број држави се издаваат потврди- парагон блокови со сериски број, истите се набавуваат во земјата на акредитација и од тие причини не се на Македонски јазик.

  Надлежната служба во МНР ќе ја разгледа оправданоста на трошоците во однос на очекуваниот ефект во работењето со изработка на унифицирани потврди со сериски броеви на Македонски јазик.

- Надлежната служба во МНР ќе ја разгледа можноста за допрецизирање на постојните Интерни акти со кои ќе се унифицира постапката за наплата, евиденција и известување од страна на ДКП-та за остварените приходи од козуларните услуги.

- **<u>Наод и препорака од точка 4.4.1:</u>**

Согласно препораките од Државниот завод за ревизија, МНР презело и презема активности одговорните лица целосно да ги

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

спроведуваат законските процедури во постапките за јавни набавки.

За таа цел, врши континуирана обука на вработените за надминување на евентуалните неправилности во овој дел од работењето. Ова е особено значајно, затоа што вработените во министерството многу често флуктуираат на дипломатски и службени мандати во странство, а со тоа и во рамките на внатрешните организациони единици во МНР.

Во врска со укажувањето на ревизијата во алинеја 1, на потточка 4.4.1, дека во постапките со барање за прибирање на понуди (најверојатно се мисли на постапките кога договорот за јавна набавка е до 5.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ), не се изработува поедноставна тендерска документација, укажуваме дека и во таквите случаи на можен пропуст, суштинските елементи на таквата документација, а тоа се економските оператори да доставaт доказ за својата способност за реализација на предметот на јавната набавка (документ за регистрирана дејност, референтни листи за извршени работи, финансиски, технички и менаџерски извештаи и сл.) биле содржани директно во барањето за понуди упатено кон понудувачите.

Во постапката на евалвација, рангирани се само учесниците кои доставиле таков доказ.

Значајно е да се истакне дека за набавките во ДКП-та, поради спецификите на законските регулативи во областа во државите во странство, практично е невозможна целосна примена на македонскиот ЗЈН. Од тие причини беа направени измени во законот според кои за набавките што министерството ги врши во странство за потребите на ДКП се применуваат само член 2, 33, 34, 35, 36 и 103 од ЗЈН. Само како пример треба да се истакне дека странските компании од кои ДКП-та набавуваат услуги, работи и стоки со вредност до 5000 евра, според тамошните регулативи, немаат обврска да доставуваат било какви документи за доказ на способност или други правни документи за компанијата, кои нашиот ЗЈН ги предвидува со поедноставената тендерска документација. Таков случај се набавките на авио-билети, авто-делови, услуги за здравствено осигурување и сл.

Во врска со алинеја 2 од потточка 4.4.1 министерството извршило измена на годишниот план за јавни набавки за сите договори склучени во 2011 година, со исклучок на мал број анекси на истите, пред се заради недоволно прецизната дефиниција во членот 26 од ЗЈН кој предвидува „договорите“, не прецизирајќи ги „анекс договорите“.

Во врска со наодите од алинеја 3 од потточка 4.4.1, Одделението за јавни набавки дополнително ќе достави копии од

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

анекс - договорите (иако во членот 26 од ЗЈН е наведено „договорите") склучени во 2011 година, до Бирото за јавни набавки.

- **Наод и препорака од точка 4.4.2:**

Одделението за јавни набавки во Министерството, од 2012 година постапува во согласност со дадените препораки на ревизијата, имајќи ги предвид и новите измени на ЗЈН кои почнаа со примена од втората половина на 2012 година.

- **Наод и препорака од точка 4.4.3:**

МНР **не** се согласува со дадената препорака, затоа што и во оваа прилика потсетуваме дека ДКП-та не се буџетски корисници кои директно се вклучени во трезорскиот систем при Министерството за финансии, во рамките на кој би вршеле пренамени од една на друга ставка.

1. Во таа смисла, укажуваме на следните специфичности кои се однесуваат во овој дел од нивното работење:

- Во рамките на одобрениот Буџет на МНР, средствата одобрени на Програм 20- ДКП се распределуваат со годишни финансиски планови за секое ДКП посебно и истите претставуваат максимални износи над кои не може да преземаат обврски и плаќаат трошоци,
- Пред да ги дозначи потребните средства, МНР го најавува во трезор вкупниот износ на средства кои треба да ги дозначи од Програм 20- ДКП (по ставки и валути), а после тоа истите ги дозначува до секое ДКП поединечно,
- По добивање на средствата, одреден број ДКП-а бараат да извршат пренамена на дел од добиените средства, од една ставка на која може да извршат заштеда на средства, на друга ставка на која имаат зголемена потреба од средства за плаќање на приоритетни трошоци,
- Согласност за овие интерни пренамени подготвува надлежната служба во МНР, а ги одобрува овластено лице од министерот.
- Невозможно е, ниту пак има законска обврска ваквите барања за пренамена на дозначените средства во ДКП, МНР да ги препраќа а нистерството за финансии да ги одобрува, затоа што истите се: чести, многубројни, се однесуваат на голем број ДКП-а, се доставуваат во различни временски периоди, а особено во последниот месец од годината и најголем дел од нив се со мала вредност и на различни ставки.

2. Исто така, значајно е да укажеме дека присутна е можноста кога дел од дозначените средства на одредени ставки, поедини ДКП-а

[redacted]

ги искористиле за трошоци на други ставки, без да достават барање за пренамена во МНР, затоа што вработените во ДКП не секогаш со сигурност можат да разграничат кој вид набавка од која ставка треба да ја платат.

Ваквата состоја се констатира во МНР откако ќе ги добиеме месечните финансиски извештаи од ДКП-та и по нивната сметководствена обработка.

Како резултат на претходно наведеното, на поедни ставки од Програм 20- ДКП, можно е на крајот од годината сметководствено да бидат искажани поголеми трошоци од износот на средства кои биле одобрени на истите ставки во рамките на оваа програма.

Имајќи ги предвид претходно наведените специфичности, истото не може да се квалификува како ненаменско користење на средствата.

Република Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Даме Груев" 6
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Со почит,

**Министер**
**М-р Никола Попоски**

Изработиле:
ПРС/С.Секулоска,
РС/Љ.Наумоски,
РС/З.Богоевски

Одобрил:
ДС/ А. Угриноски

Согласен:
Д. Сек. В. Мисајловски

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 06.03.2013 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за надворешни работи за сметката на основен буџет (637) од страна на раководното лице на министерството, број 05-1621/1 од 28.02.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-265/5.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1.** која се однесува на начинот и постапката за утврдување на плата, додатоци на плата и надоместоци на определени трошоци во дипломатско-конзуларните претставништва на РМ во странство, **претставува известување** за причините поради кои при пресметка на нето платите на државните службеници во ДКП за 2011 година се користат основиците утврдени со Решението за утврдување на основиците за плати за 2010 година.

2. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на отсуство на акт/пишани критериуми за начинот на ангажирање на членовите на советодавните тела на министерот, како и за начинот на вреднување на ангажманот и недоставени извештаи, **се прифаќа.** Раководното лице на министерството достави дополнителни докази Правилник за составот и начинот на работа на Дипломатскиот совет и извештаи за реализираните активности на ангажираните лица, поради што наведената состојба не претставува составен дел на Конечниот извештај.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3.** која се однесува на тоа дека не е извршено осигурување на градежните објекти и опремата, **претставува известување** за причините кои довеле до утврдената состојба. Раководното лице на министерството известува дека во согласност со обезбедените финансиски средства, се врши осигурување на дел од објектите и опремата.

*Ревизорски тим* ____________________ ____________________ ____________________ ____________________

*Овластен државен ревизор* ____________________

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.** која се однесува на можноста за менување на податоците во електронската база на податоци и по завршувањето на деловната година **претставува известување.** Раководното лице на министерството информира дека ќе превземат активности за надминување на констатираната состојба.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.2.** која се однесува на искажани парични средства и вишок на приходи за пренос во наредната година од средствата на ДКП, **претставува известување** за причини кои доведуваат до утврдената состојба. Наведените специфичности при работењето на ДКП-та, ревизијата ги имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3.** која се однесува на тоа дека не се превземени активности за вршење на целосен попис на средствата и изворите на средствата за 2011 година **претставува известување**. Раководното лице на министерството информира/известува за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.4.** која се однесува на невоспоставена внатрешна евиденција на недвижните ствари во државна сопственост и недоставени податоци за вредноста на истите до Државниот завод за геодетски работи, како и недоставени податоци до Министерството за финансии за сметководствената вредност на движните ствари кои ги користи **претставува известување**. Раководното лице на министерството информира дека ќе превземат активности за надминување на констатираната состојба.

8. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.5.** која се однесува на невоспоставена соодветна сметководствена евиденција на земјиштето на кое се изградени објектите на дипломатско-конзуларните претставништва на РМ во странство **претставува известување** за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба, односно одделно евиентирање на градежните објекти и земјиштето на кое се изградени објектите на дипломатските конзуларни претставништва на РМ во странство.

9. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.6.** која се однесува на ненавремено и несоодветно превземање на мерки за наплата на побарувањата по разни основи од вработени во дипломатско-конзуларни претставништва на РМ во странство **претставува известување** за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба.

10. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.7.** која се однесува на ненаплатени побарувања од вработени за дадени аванси, депозити, краткорочни финансиски побарувања од вработени **претставува известување** за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба. Раководното лице на министерството информира дека согласно измените на Правилникот за плата, додатоци на плата и надоместоци од плата на вработените во претставништвата на Република Македонија, депозитите за стан и агенциските провизии не се повеќе на терет на министерството.

11. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.8.** која се однесува на невоспоставена евиденција на превземени обрски од страна на дипломатско-конзуларни претставништва на РМ во странство **не се прифаќа**. Дадените образложенија од страна на одговорното лице, ревизијата ги имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата. Потребно е да се воспостави евиденција на превземени обрски од страна на ДКП-та, кои со доставувањето на месечниот извештај односно во моментот на нивното евидентирање, сеуште не се платени од страна на ДКП-та. .

12. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.9.** која се однесува на невоспоставена сметководствена евиденција на набавката и трошењето на залиха на материјали **претставува известување** за причините кои довеле до утврдената состојба, како и известување дека надлежната служба на МНР воспоставила материјална евиденција на набавката и трошењето на материјалите, заради реално искажување на залихите.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.10.** која се однесува на тарифите за висината на конзуларните такси кои се наплаќаат од таксените обврзници во дипломатско-конзуларни претставништва на РМ во странство, **не се прифаќа**. Дадените образложенија од страна на одговорното лице, ревизијата ги имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата. Имено, ревизијата истакнува дека Министерството има изготвено ценовник на конзуларни услуги, во кој за секоја конзуларна услуга се предвидува пакет на тарифи, но поради тоа што при извршењето на определени конзуларни услуги се наплаќаат тарифи кои не се предвидени со пакетот (од причина што истите реално се направени), ревизијата препорачува ценовниот да биде допрецизиран.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

____________________

14. За забелешките на констатираните состојби во **точката 4.3.11.** која се однесува на месечни извештаи и нивни прилози за остварените приходи од конзуларното работење на одделни дипломатско-конзуларни претставништва на РМ во странство констатирано е следното:
    - забелешката во делот на **алинеа 1** која се однесува на невоспоставен унифициран образец на месечен извештај за остварени приходи од конзуларното работење **претставува известување** за причините кои што придонеле образецот за евидентирање на конзуларните приходи, донесен во 2006 година да не се применува од страна на сите ДКП-а, како и известување дека во тек се активности за донесување на нови обрасци за евидентирање на конзуларните приходи. и
    - забелешката во делот на **алинеа 2** која се однесува на невоспоставен унифициран образец на потврда на наплатена конзуларна такса за вршење на определена конзуларна услуга **претставува известување** за начинот на кој се издава потврда (каса прими, парагон блок) за наплатените конзуларни такси, кој ревизијата го констатира во текот на вршењето на ревизијата. Исто така раководното лице на министерството информира/ известува за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба.

15. За забелешката на констатираните состојби во **точката 4.4.1.** која се однесува во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени од страна на министерството, констатирано е следното:
    - забелешката во делот на **алинеа 1** која се однесува на спроведување на постапки за јавна набавка по пат на постапка со барање за прибирање на понуди за кои не е изработена поедноставена тендерска документација **претставува известување** за причините кои довеле до утврдената состојба;
    - забелешките во делот на **алинеа 2** која се однесува на не извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки за склучени договори/анекси на договори **претставува известување** за причините поради кои не е извршено ажурирање на наведениот план, кои состојби ревизијата ги имаше во предвид во фазата на извршување и
    - Забелешката во делот на **алинеа 3** која се однесува на склучени договори/анекси на договори за јавна набавка за кои министерството не го известило Бирото за јавни набавки **претставува известување** за активностите кои ќе се превземат во наредниот период за надминување на констатираната состојба.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

__________________ __________________

__________________

__________________

__________________

16. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.2.** која се однесува на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени по пат на "постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас" од страна на дипломатско-конзуларните претставништва на РМ во странство **претставува известување** за активностите кои ќе се превземат во наредниот период за надминување на констатираната состојба.

17. Забелешката на дадената препорака за констатираната состојба во **точката 4.4.3.** која се однесува на планирани и одобрени средства од Буџетот на Република Македонија и нивно трошење по ставки, **не се прифаќа.** Имено, даденото образложение за специфичностите во работењето на ДКП-ата ревизијата ги имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата. Исто така реализацијата на средствата планирани за една намена може да се врши за други намени, со претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии.

.

.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

____________________